КАРПОШ

неделен Е - БИЛТЕН

ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

26 август - 1 септември 2019 Билтен бр. 336

КУЛТУРЕН БРАН ЗА ВРАЌАЊЕ НА МААЛСКИОТ ЖИВОТ ВО КАРПОШ

На платото на „Млечен“, вчеравечер се одржа последната вечер од 40 – то издание на Меѓународниот студентски фолклорен фестивал (МСФФ), во организација на АКУД „Мирче Ацев“. Овој фестивал се одржува во знак на благодарност кон метрополите и земјите, кои ја покажаа својата хуманост и солидарност кон Градот Скопје, по земјотресот во 1963 година.

На последната вечер учествуваа ансамбли од повеќе држави: Германија, Турција, Унгарија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Албанија, како и претставници од турскиот дел на Кипар.

Присутните имаа можност да уживаат во различниот фолклор и носии од овие земји, а пред нив, кратко обраќање имаше и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев.

-Мило ми е што вечерва сме на платото на „Млечен“. Тука и јас пораснав и за ова место ме врзуваат убави спомени, маалски живот и дружба. „Римска“, „Атинска“, „Њуделхиска“ се улици кои се именувани во знак на благодарност кон градовите кои помогнале во обновата на Скопје и на нашиот Карпош. Пред нас е и Карпошовото културно лето, кое ќе започне на 29-ти август, четврток, а последната вечер е планирана да се одржи токму на ова место. За една недела, започнува и Меморијалниот турнир во мал фудбал „Оливер Соколов – СОКОЛ“, кој по неколку години повторно е на спортскиот календар во Карпош. Значи ни претстои КУЛТУРЕН БРАН исполнет со фолклор, поп музика, перформанси за деца и повозрасни, КУЛТУРЕН БРАН за забава и убави моменти за сите генерации, посочи Богоев.

Општина Карпош секоја година го подржува АКУД „Мирче Ацев“, како уметничко друштво кое е регистрирано во Карпош, но, воедбо ги афирмира македонскиот фолклор и култура низ целиот свет. Локалната самоуправа ги поканува сите граѓани да присуствуваат на претстојните културни и спортски настани. Заедно да придонесеме кон враќање на маалскит живот и меѓугенерациската дружба во Карпош.

ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ЕДУКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ

Учениците кои од оваа учебна година ќе бидат четврто одделение, ќе добијат продолжен престој во сите училишта во Карпош до 17:00 часот.

Како резултат на направената анализа и спроведените консултации со родителите, Општина Карпош дојде до заклучок дека родителите чии ученици сега ќе бидат четврто одделение, имаат реална потреба да бидат згрижени во училиштето, односно да бидат дел од продолжен престој.

Општина Карпош на денешната седница на Совет, по предлог на советникот од ВМРО-ДПМНЕ, Тони Јаревски, одлучи дека ќе го зголеми бројот на наставници во продолжен престој во четврто одделение, во сите десет основни училишта.

Преку Општината ќе бидат ангажирани вкупно 17 наставници, за реализација на продолжениот престој.

Пролонгираниот престој се организира по завршување на редовната настава, до 17:00 часот.

За време на продолжениот престој, учениците ќе учат, ќе работат домашни задачи, ќе учествуваат во културно – уметнички активности, согласно со Упатството за настава во продолжен престој на ученици, кој го утврдува министерот, на предлог на Бирото за развој на образование.

ВО НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА – ПОБЕЗБЕДЕН ПРИСТАП ДО ШКОЛИТЕ

На една недела пред почетокот на новата учебна година, Општина Карпош интензивно се подготвува да се обезбедат подобри услови за учениците, за следење на наставата и за нивен безбеден пристап до училиштата.

Имено, во текот на целата учебна година, во сите десет основни училишта, ќе има посебно овластени лица, кои секое утро додека трае сообраќајниот метеж ќе ги пречекуваат учениците и ќе се грижат за нивен безбеден пристап до школото. Станува збор за овластени лица од административно – техничкиот персонал на училиштата.

Дополнително, ќе започне поставување на нови „легнати полицајци“ пред училиштата: „Јан Амос Коменски“, „Војдан Чернодрински“, „Димо Хаџи Димов“ и „Братство“.

Веќе се одвиваат и поголем број на инфраструктурни активности низ повеќе образовни установи:

- „Владо Тасевски“ – реконструкција на покрив и под од спортската сала;
- „Јан Амос Коменски“ – санација на дел од површината од покривот;
- „Братство“ – обнова на покрив и замена на прозорци;
- Во „Војдан Чернодрински“ и „Аврам Писевски“ ќе се реконструираат сите тоалети, а во „Димо Хаџи Димов“ ќе се санираат тоалетите во склоп на спортската сала.
- „Вера Циривири – Трена“ – санација на покрив и промена на прозори, додека во „Христијан Тодоровски Карпош“ веќе се реконструираат неколку училници.

Исто така, на септемвриската седница на Советот, пред советниците ќе бидат ставени предлог одлуки за објавување на огласи за доделување на стипендии на талентирани ученици и спортисти, со цел да се мотивираат учениците, за постигнување на уште подобри резултати во новата учебна година.

Локалната самоуправа продолжува да работи на унапредување на условите во основното образование, мотивирање на учениците, како и унапредување на вонучилишните активности.

ЗАПОЧНУВА COOLТУРНО ЛЕТО КАРПОШ 2019

Од 29 до 31 август, на плоштадот „Делфина“ во Влае 2 и на платото на „Млечен“ ќе се одржи 12 – то издание на COOLтурно Лето Карпош 2019.

Оваа година, манифестацијата ќе се одвива на две различни локации, со цел да се привлечат граѓани од различни населби од Карпош, но и од другите скопски општини.

Акцентот е ставен на домашните изведувачи, млади таленти, но и на докажани имиња на македонската музичка сцена.

Во изјава за медиумите, градоначалникот Стефан Богоев ги покани сите граѓани да бидат дел од ова COOLтурно Лето.

-ЧЕТВРТОК е првиот ден од годинешново издание на карпошовото COOLтурно Лето, при што започнуваме во 19:30 часот на плоштадот „Делфина“, со детската претстава „Зеленковци“ во изведба на Театар Провокација. Продолжуваме со популарниот Жаре Еден на Еден, кој два дена ќе ја води програмата, а по него ќе настапат Гуру Харе, Антониа Гиговска, Мики Јовановски – Џафер и Емилија Колоска.

Во ПЕТОК, исто така на плоштадот „Делфина“, од 19:30, вечерта ја отвора култниот лик за најмладите – Петко 5+, а потоа следува перформанс на група од светски хорови кои се учесници на Меѓународен фестивал во Скопје. Вечерта се затвора со добро познатата група НОКАУТ.

Во САБОТА, продолжуваме со забава за најмладите, но на платото на „Млечен“. Од 18:30 се дружиме со GP и Steffonator и со Слаткаристика. Вечерта, со својот настап, дополнително ќе ја збогатат Александар Митевски & Дац, а годинешното COOLтурно Лето ќе го затвориме со поп – рок забава, со Дани Димитровска и нејзиниот бенд.

Програмата е прилагодена за сите генерации: најмладите, тинејџерите, повозрасните.

Локалната самоуправа ги поканува сите граѓани да бидат дел од овој настан, каде што ќе доминира меѓугенерациска дружба и добрата музика.

НОВА МЕХАНИЗАЦИЈА ЗА ПОЧИСТ КАРПОШ

Општина Карпош успеа да добие неповратни 75.000 евра од Светска банка како „грант за успешност“ на претходно реализираниот заем за реконструкција на повеќе улици и изградба на атмосферска канализација.

Станува збор за грант кој изнесува 10 отсто од вкупно искористениот заем, кои неповратни средства, Општината ќе ги искористи за да се „поднови“ со две цистерни за миење на улиците низ Карпош, еден кипер со плуг за расчистување на снегот и мразот во зимски услови и со распрскувач на сол, како и една машина за чистење на плоштадите и платоата низ територијата на локалната самоуправа, односно рачен вшмукувач на лисја и поситен отпад од јавните површини.

Одлуката за ваквиот начин на искористување на најновиот грант од Светска банка претходно ја одобрија сите советници од Советот на Општина Карпош.

КУРС ПО ПРВА ПОМОШ ЗА СЛУЖБИТЕ ВО КАРПОШ

Курс по прва помош и унапредување на знаењата во оваа сфера добија вработени лица во Општина Карпош – возачи, како и службеници кои секојдневно извршуваат теренски активности.

Курсот беше во организација на Општинската организација на Црвен крст – Карпош, во рамки на кампањата „Твоето незнаење чини живот“.

Учесниците на курсот можеа да добијат повеќе информации за начинот на санирање на повреда на само место, преврзување, стопирање на одредени видови крварење и слично, а обуката беше спроведена од Др.Ѓуро Кленкоски – едуциран предавач и Димче Милановски – едуциран демонстратор по прва помош од Црвениот крст.

Обуката беше наменета и спроведена за вработени кои се поприсутни на терен и се во директен контакт со граѓаните, со цел, по потреба, да излезат во пресрет и да помогнат.

Во обуката се приклучи и градоначалникот Стефан Богоев кој посочи дека локалната самоуправа сите ја гледаат како „најистурена“ власт на терен, и затоа се преземаат активности за зајакнување на капацитетите во сите области.

- Во изминатиов период, како Општина организиравме и работилници за заштита на работното место, едукации за гасење на пожар, засолнување и сл.

Овие обуки, работилници се значајни затоа што секој од нас може да се најде во различна животна ситуација, дали на работното место, дома, во слободно време, рече Богоев.

Општина Карпош ќе продолжи да ја унапредува соработка со Црвениот крст, на локално ниво, преку организирање на различни кроводарителски акции, хуманитарни активности, обуки и др.

ПРВА ВЕЧЕР ОД COOLТУРНО ЛЕТО КАРПОШ: УРБАНО И МААЛСКИ СО ДОМАШНИ ПОП-РОК ѕВЕЗДИ

Со радост и смеа на најмладите карпошани, со стотина „селфија“ со Мики и Мини Маус и претставата „Зеленковци“ започна 12 – то издание на COOLтурно Лето Карпош 2019.

Претставата „Зеленковци“ упати порака до најмладите да ја чуваат животната средина, да јадат здрава храна и совесно да се однесуваат кон природата.

Плоштадот „Делфина“ ги обедини граѓаните на Карпош кои уживаа во тричасовната музичка програма.

Настанот го водеше популарниот водител, Жаре Еден на Еден, кој зборуваше и за маалскиот живот во Влае 2, урбаниот дух на Карпош, општината која е срцето на Скопје.

Пред присутните граѓани се обрати и градоначалникот Стефан Богоев кој посочи дека оваа манифестација е културен бренд на Карпош. Тој кажа дека оваа година COOLтурно лето се одржува на две локации, додека акцентот повторно е ставен на македонската музика и домашните изведувачи.

- Програмата е прилагодена буквално за сите генерации: имаме дел за најмладите, за тинејџерите и за повозрасните. А, два дена со нас ќе биде и добро познатиот Жаре Еден на Еден, кој потекнува токму од ова маало.

Мило ми е што полека но сигурно го враќаме маалскиот соживот во Карпош. Овој настан, турнирот СОКОЛ, кој започнува во недела се симболи на нашиот Карпош, кои треба да ги негуваме и унапредуваме.

Ги ситниме последните денови од август. Со почетокот на септември и стартот на учебната година некако сите влегуваме во лавиринтот на секојдневието. Затоа, сакам искрено да ве повикам да уживаме сите овие денови, да собереме сили за претстојниот период и да се наполниме со позитивни вибрации, рече Богоев.

Вечерната забава продолжи со музика од македонските изведувачи: Гуру Харе, Емилија Колоска, Мики Јовановски – Џафер и Антониа Гиговска, додека Колоска пееше ретро странски хитови, но и свои авторски мелодии. Легандниот Џафер ги врати постарите генерации на почетоците на македонскиот поп – рок, што беше вистинско уживање за повозрасната популација..

Вечерта ја затвори една од најталентираните наши пејачки Антониа Гиговска., која е победничка на последното издание на фестивалот „Макфест“. Публиката ја награди со пеење на нејзините веќе познати хитови „Никогаш не вели никога“ и „Светлина во мрак“, додека Антониа пееше песни и од нашите ѕвезди Тоше Проески и Тамара Тодевска.

Во текот на целата вечер граѓаните имаа можност да се освежат на околните штандови, а беа поставени и посебни пунктови за регистрација и за добивање на бенефицираната „ Мој Карпош – Моја Картичка“.

ВТОР ДЕН ОД COOLТУРНО ЛЕТО: РЕТРО ВЕЧЕР СО НАЈДОБРИТЕ МАКЕДОНСКИ ПОП ХИТОВИ

Втората вечер од COOLтурно Лето Карпош 2019 помина во знакот на детската смеа и македонската поп музика.

Плоштадот „Делфина“ беше полн со дечиња кои со нивните родители со нетрпение го очекуваа Петко и неговата Фамилија.

Потоа започна детската магија, сите во еден глас пееја и другаруваа со хероите од веселата дружина.

И втората вечер ја водеше Жаре Еден на Еден, кој со најмладите разменуваше шеги за почетокот на новата учебна година, а присутните ги потсети и на маалскиот живот кој се негува во Влае.

Програмата продолжи со перформанс на хорови од Србија, Бугарија, Македонија и Унгарија, кои се неколкудневен фестивал во Скопје, во рамки на „Skopje Sings“. Полека но сигурно плоштадот се полнеше и сите се подготвуваа за кулминација. Со нетрпение се очекуваше нашата позната поп група НОКАУТ.

А, потоа се редеа хитовите: „Лебедот бел“, „За нас“, „1000 причини за крај“, „Позитиво“, „Знаеш каде да ме најдеш“. Публиката во еден здив ги пееше песните кои оставија трајна вредност во македонската поп музика.

Пере Нокаут не врати во неговата „временска машина“ и приреди музичка вечер за паметење.